Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
**Фитосанитарна управа**

Бр. 17-____________
___06.2012 год.

Бул. III Македонска бригада бб
Зграда на Македонија табак, XIII спрат
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3121 462
Факс: (02) 3121 462
Е-пошта: aleksandar.dilje@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 65, а во согласност со Глава VI Јавни услуги од областа на Здравјето на растенијата од Закон за здравје на растенијата („Службен весник на РМ“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа објавува:

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за доделување на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Растенијата како добро од општ интерес имаат посебна заштита утврдена со Законот за здравје на растенијата („Службен весник на РМ“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11).
Нарачател на јавниот конкурс е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа.
Право на учество на јавниот конкурс имаат сите правни и физички лица кои ги исполнувата општите услови од член 60 од Закон за здравјето на растенијата и посебните услови утврдени со Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.12/2011).
Јавниот конкурс за доделување на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата трае пет работни дена од денот на неговото објавување.

## II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Предмет на јавниот конкурс е издавање на дозволи за давање на услуги во областа на здравјето на растенијата.

## III. ВИД НА ЈАВНА УСЛУГА ЗА КОЈА СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛАТА

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа издава дозволи за вршење на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата и тоа за следните видови на услуги:

1.1. мониторинг и следење на развојот на штетните организми кои вообичаено се присутни кај растенијата и растителните производи, прогнозирање, одредување оптимални рокови и мерки за заштита;

1.2. интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетници на растенијата, каламитетни појави и епифитоции на штетни организми;

1.3. обезбедување метеоролошки, биолошки и други податоци за целта на следењето и прогнозирањето на појавата на штетни организми;

1.4. лабораториски детерминирања и дијагностицирања на штетни организми;

1.5. едуцирање на сопствениците и други лица вклучени во спроведување на активностите поврзани со здравјето на растенијата;

1.6. издавање на пасоши за растенија;

1.7. спроведување на научно-истражувачки развојни активности;

1.8. вршење дезинсекција, дезинфекција и дератизација заради здравјето на растенијата и

1.9. вршење на други технички работи

Заинтересираните субјекти можат да поднесат пријава за сите или поединечни активности од горенаведените точки.

## IV. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА

Даватели на јавни услуги можат да бидат правни и физички лица кои ги исполнуваат општите услови од член 60 од Закон за здравјето на растенијата и посебните услови утврдени со Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011).

## V. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ

Краен рок за поднесување на понудите е 26.06.2012 година.

Пријавите се доставуваат до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, бул. 3 Македонска бригада. б.б. (зграда на Македонија Табак).

## VI. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ НА ПРИЈАВАТА И ПРОПРАТНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Заинтересираните субјекти образецот на пријавата можат да го превземат од Web страната на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство www.mzsv.gov.mk.

Потребна пропратна документација која се доставува кон пријавата:

**1. ПРАВНИ ЛИЦА**

- ДРД образец
- М1/М2 образец
- Уверение за завршено високо од областа на земјоделските науки (растително производство) или шумарски науки
- Доказ за најмалку 3 години работно искуство во напред наведените области
- Докази за исполнување на поблиските услови предвидени во Правилникот за поблиските условo за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011).
- Ценовник по кои давателите на услугите би ги извршувале јавните услуги за кои поднесуваат пријава од точка I. од овој конкурс.

**2. ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

- Уверение за завршено високо образование од областа на земјоделските науки (растително производство) или шумарски науки
- Доказ за најмалку 3 години работно искуство во напред наведените области
- Докази за исполнување на поблиските услови предвидени во Правилникот за поблиските условo за просториите и опремата за

давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.12/2011).
- Ценовник по кои давателите на услугите би ги извршувале јавните услуги наведени од 1.1 до 1.8 од овој конкурс.

Документите кои се доставуваат потребно е да бидат во оригинал или копии заверени на нотар.

## VII. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор за издавање на дозвола за вршење на јавна услуга е исполнување на условите утврдени во Законот за здравје на растенија и Правилникот за поблиските условo за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата и тоа:

- Да има завршено минимум високо образование од областа на земјоделските науки (растително производство) или шумарски науки.
- Да има минимум три години работно искуство во струката како и
- Исполнување на поблиските критериуми утврдени во Правилникот за поблиските условo за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата.

## VIII. ПОСТАПКА

Постапката на отворање и оценување на понудите ја врши Комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отварањето, разгледувањето и оценувањето пријавите е јавно.

Овластени претставници на субјектите може да бидат присутни на отворањето на пријавите.

Нецелосните понуди може да бидат комплетирани во рок од осум дена од приемот на известувањето, во спротивно понудата нема да биде разгледана, за што понудувачите ќе бидат известени.

Дозволата за давање јавни услуги се издава во форма на решение во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот конкурс.

Правните и физички лица кои добиле дозвола за вршење на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата склучуваат договор со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа.

## XI. ПОЧЕТОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

Времетраењето на издадените дозволи за вршење на јавни услуги изнесува 12 месеци.

## X. КОНТАКТ ЛИЦЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ

Контакт лице за дополнителни податоци и информации во врска со постапката за доделување на дозволи за вршење на јавни услуги:

Александар Диље на е - маил адреса aleksandar.dilje@mzsv.gov.mk.

Образец на привата за учество во постапката, Законот за здравје на растенија и Правилникот за поблиските поблиските условo за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата можат за се превземат од Web страницата www.mzsv.gov.mk.

## XI. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите ќе бидат отворени во 10 часот, првиот нареден работен ден по завршувањето на огласот во просториите на Фитосанитарната управа на бул. 3 Македонска бригада б.б. (зграда на Македонија табак).

**МИНИСТЕР,**
**Љупчо Димовски**

Изработил:Александар Диље
Одобрил: Д-р Ментор Зеќири